**ИНТЕРЕН КОНКУРС**

**за избор на студенти од ранливи категории и чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за учебната 2023/2024 година**

1. Со овој Конкурс се врши избор на студенти од ранливи категории и чие родителско право го врши само еден родител кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии за учебната 2023/2024 година.

2. Право на конкурирање на Конкурсот има секој редовен студент кој запишал зимски семестар на прв циклус на студии во учебната 2023/2024 година, (во натамошниот текст - апликант) и припаѓа на некоја од следниве наведени категории и тоа:

I. само еден родител запишан во изводот од матичната книга на родените;
II. починат родител;
III. родител/ли на кој му е одземено родителското право, или е исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и обврски;
IV. двајца студенти со родители со минимална нето плата.

3. Спроведување на постапката за селекција на апликантите по овој Конкурс ќе ја прави комисијата за Финансии, инвестиции и развој при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и еден претставник на студентите (Претседател на студентски парламент или студентски правобранител).
Апликациите се поднесуваат до: **Архива на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10А – Штип, со назнака: за Комисија за финансии, инвестиции и развој** – документи по Интерен конкурс за избор на студенти од ранливи категории и студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодноста за плаќање половина од износот на партиципацијата за прв циклус студии.

**Апликациите се поднесуваат до: 01.11.2023 година.**

4. Квотата на студенти кои имаат право да ја користат оваа погодност се утврдува според финансиската состојба на семејство, со исполнување на условите од страна на родителот/старателот и самиот апликант и тоа по категориите:

I. **За првата категорија:** родителот/старателот е со месечни примања во износ до просечна нето плата исплатена во месец септември 2023, само по основ на плата, пензија, и/или социјална помош;

II. **За втората категорија:** родителот/старателот е со месечни примања во износ до минимална нето плата, само по основ на плата, пензија, и/или социјална помош и семејната пензија не надминува износ од 10.000 денари;

III. **За третата категорија:** родителот/старателот е со месечни примања во износ до минимална нето плата, само по основ на плата, пензија, и/или социјална помош а законската издршка од вториот родител не надминува износ од 10.000 денари;

IV. **За четвртата категорија:** двајцата родители се со месечни примања во износ до минимална нето плата, само по основ на плата, пензија, и/или социјална помош;

5. Со целосно пополнетата пријава, апликантите ги доставуваат и следниве документи во зависност од својата категорија и тоа:

- потврди за остварена плата на родителот/те/старателот за последната исплатена плата, за месец септември 2023 година;
- за корисници на социјална помош/услуги се доставува последно решение/потврда од центарот за социјални работи;
- за пензионираните членови на семејството се доставува документ за висина на пензија;
- пресуда од надлежен суд со утврдена законска издршка за кандидат и истата се смета како месечен приход;
- за родител на кој му е одземено родителското право - решение од надлежен суд;
- за родител кој е исчезнат или привремено или трајно не ги извршува родителските права и обврски – потврда од Центар за социјални работи;
- за починат родител - се доставува документ за висина на семејната пензија;
- уверение за државјанство на РСМ.

6. Во постапката за избор на студенти комисијата врши евалуација и проверка на веродостојноста на поднесената документација од сите пријавени кандидати. Комисијата самостојно креира листа на кандидатите со архивски броеви, на кои им е прифатена, а на кои не им е прифатена пријавата. Листата се објавува на огласна табла (интернет страницата на Универзитетот) најдоцна до **15.11.2023 година**.

7. Апликантите имаат право на приговор, 5 работни дена по објавувањето на листата. Комисијата за финансии ќе ги разгледа и ќе одговори на приговорите. Доколку се утврди дека некој апликант поднел документација која не е веродостојна, истиот се отстранува од листата. Кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Конкурсот ја сочинуваат Конечната листа на добитници на погодноста за намалување на партиципација за факултетот.

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип